# Universiteti Shtetëror i Tetovës
**Dr`aven Yniverzitet vo Tetovo**
**State University of Tetova**

Republika e Maqedonisë, 1200 Tetovë -Tetovo, Rr.-ul. Ilindenit-Ilindenska Rektorati i Universitetit-Rektorat na Univerzitetot Republic of Macedonia, **www.unite.edu.mk** Tel: + +389 44 356 500 Fax: 044 334 222


# К О Н К У Р С

## за запишување студенти на втор циклус универзитетски студии - магистерски студии на Државниот универзитет во Тетово, во академската 2010/2011 година

**Тетово, септември 2010 година**

Врз основа на член 57, точка 2 и член 108, точка 11 од Законот за високо образование (Службен весник на РМ, број 35/08), член 144 од Статутот на Државниот универзитет во Тетово, во согласност со Одлуката за организирање на постдипломски студии на Државниот универзитет во Тетово бр.02-314/1 од 05.07.2010 и Правилникот за единствените услови за организација на постдипломските и докторските студии на Државниот универзитет во Тетово, како и врз основа на Одлуката на Владата на РМ за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи во учебната 2010/11 година бр. 51-4000/1 од 30.07.2010 (Сл. Весник на РМ бр. 103 од 30.07.2010 година), Државниот универзитет во Тетово објавува:

# К О Н К У Р С

**за запишување студенти на постдипломски студии на Државниот универзитет во Тетово, во вториот уписен рок во академската 2010/2011 година**

## I. Број на студенти

Државниот универзитет во Тетово на магистерски студии за академската година 2010/11година во вториот уписен рок ќе запише 940 редовни и вонредни студенти.

### I. а. Едногодишни студиски програми:

| Факултет | Научна област | Научно звање | Број на студенти | Висина на кофинансирањето за семестар |
|---|---|---|---|---|
| | Магистерски студии | | | |
| Природно-математички факултет | **Математика**<br>- Општа математика | **магистер по математика** | 15 | 750 |
| | **Географија**<br>- Регионална географија<br>- Социјално - економска географија | **магистер по географија** + име на модулот | 10<br>10 | 750 |
| | **Информатика**<br>- Општа информатика | **магистер по информатика** | 15 | 750 |
| | **Биологија**<br>- Ботаника<br>- Зоологија<br>- Биохемија | **магистер по биологија**+ име на модулот | 10<br>10<br>10 | 750 |
| | **Хемија**<br>- Органска хемија со биохемија<br>- Аналитичка хемија со заштита на животната средина<br>- Неорганска хемија со физичка хемија | **магистер по хемија**+ име на модулот | 10<br>10<br>10 | 750 |
| Институт за екологија и технологија | **Екологија** | **магистер по екологија** | 10 | 750 |
| Економски факултет | **Економија**<br>- Менаџмент - маркетинг<br>- Финансии, сметководство и ревизија<br>- Бизнис економија | **магистер по економија**+ име на модулот | 40<br>40<br>30 | 750 |
| | **- Туризам** | **магистер по туризам** | 20 | 750 |
| Правен факултет | - Право | **магистер по право** + име на модулот | 30 | 750 |
| | **-Меѓународни односи (човекови права)** | **Магистер по меѓународни односи +** име на модулот | 5<br>5 | /<br>750 |
| | **Магистерски студии** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Филозофски факултет** | **- Педагогија** | **магистер по педагогија** | **20** | **750** |
| | **- Социологија** | **магистер по социологија-**+ име на модулот | | **750** |
| | - Научно - истражувачка насока | | **15** | |
| | - Наставна насока | | **15** | |
| | **- Историја** | **магистер по историја**+ име на модулот | | **750** |
| | - Современа историја | | **10** | |
| | - Историја на новото време | | **10** | |
| | - Средновековна историја | | **10** | |
| | **-Психологија** | **магистер по психологија**+ име на модулот | | **750** |
| | - Наставна психологија | | **15** | |
| | - Индустриска психологија | | **10** | |
| **Филолошки факултет** | **Албански јазик и книжевност** | | | |
| | - Албански јазик | **магистер по албански јазик** | **10** | **750** |
| | - Албанска книжевност | **магистер по албанска книжевност** | **10** | **750** |
| | **Македонски јазик и книжевност** | | | |
| | - Македонски јазик | **магистер по македонски јазик** | **10** | **750** |
| | - македонска книжевност | **магистер по македонска книжевност** | **10** | **750** |
| | **Англиски јазик и книжевност** | | | |
| | - Англиски јазик | **магистер по англиски јазик** | **10** | **750** |
| | - Англиска книжевност | **магистер по англиска книжевност** | **10** | **750** |
| | **Германски јазик и книжевност** | | | **750** |
| | -Германски јазик | **магистер по германски јазик** | **10** | **750** |
| | **Француски јазик и книжевност** | | | |
| | - Француски јазик | **магистер по француски јазик** | **10** | **750** |
| **Факултет за уметности** | **Музичка уметност** | **магистер по музичка уметност** + име на модулот | | **1250** |
| | - Композиција | | **5** | |
| | - Диригирање | | **5** | |
| | - Музикологија | | **5** | |
| | - Етномузикологија | | **5** | |
| | - Методика на наставата по музика | | **5** | |
| | - Флаута | | **5** | |
| | - Обоа | | **5** | |
| | - Кларинет | | **5** | |
| | - Фагот | | **5** | |
| | - Тромба | | **5** | |
| | - Хорна | | **5** | |
| | - Тромбон | | **5** | |
| | - Соло пеење | | **5** | |
| | - Пијано | | **5** | |
| | - Виолина | | **5** | |
| | - Виола | | **5** | |
| | - Виолончело | | **5** | |
| | **Ликовна уметност** | **магистер по ликовна уметност** + име на модулот | | **1250** |
| | - Сликарство | | **5** | |
| | -Графика | | **4** | |
| | - Вајарство | | **3** | |
| | - Графички дизајн | | **7** | |
| **Факултет за физичка култура** | **Физичка култура** | **магистер по физичка култура** + име на модулот | | **750** |
| | - Здравствена и физичка култура | | **10** | |
| | - Спорт | | **10** | |
| | - Спортско менаџирање | | **10** | |

**I.б. Едногодишни специјалистички студиски програми:**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Специјалистички студии** | **-Методика на наставата за верско образование** | **професор по методика на наставата за верско образование** | **40** | **0** |

**I.в. Двегодишни студиски програми:**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Факултет за прехранбена** | **Магистерски студии** | | | |
| | - Прехранбена технологија | **магистер за прехранбена** | **10** | **750** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| технологија и исхрана | | **технологија** | | |
| | - Исхрана | **магистер за исхрана** | **10** | **750** |
| **Економски факултет** | **Економија** | **магистер по економија**<br>+ име на модулот | | **500** |
| | - Менаџмент – маркетинг | | **29** | |
| | - Финанси, сметководство и ревизија | | **30** | |
| | - Бизнис економија | | **30** | |
| | **- Туризам** | **магистер по туризам** | **20** | **500** |
| **Правен факултет** | - Правосудна насока | **магистер по право**<br>+ име на модулот | **60** | **500** |
| | - Административна насока | | **30** | |
| | | | **30** | |
| | **-Меѓународни односи (човекови права)** | **Магистер по меѓународни односи+име на модулот** | **5**<br>**5** | **/**<br>**750** |
| **Факултет за медицински науки** | **Фармација** | | | |
| | Општа фармација | **магистер по фармација** | **15** | **500** |
| | Фармацевтски науки | **магистер по фармацевтски науки** | **15** | |

- **Студиската програма по Меѓународни односи (човекови права) се нуди во соработка со Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Универзитетот од Југоисточна Европа, Универзитетот во Гетебург и Дипломатската Академија од Виена во склоп на Темпус Проектот 144787 "Интеруниверзитетски студии од втор и трет циклус по меѓународни односи во Македонија". Ова студиска програма целосно ќе се одвива во Англиски јазик. Селектираните кандидати ќе бидат поканети на интервју од надлежната комисија.**

## II. Услови и критериуми за аплицирање

**а). Право за аплицирање имаат кандидатите кои ги исполнуваат следните општи услови:**

- Студиите од вториот циклус претставуваат продолжение на основните студии.
- На вториот циклус универзитетски студии можат да се запишат лицата кои завршиле соодветна студиска програма од прв циклус студии и ги исполнуваат сите услови според Законот за високото образование, Статутот на Државниот универзитет во Тетово и Правилникот за условите и критериумите за упис на втор циклус на студии и кои на додипломските студии стекнале просечна оценка над 7 (со Одлука на Ректорската управа донесена на ден 14.09.2010). Просечната оценка, како критериум не се зема предвид за студентите кои ќе се запишат на двегодишни студии на магистратура.
- На вториот циклус на универзитетски студии за стручна специјализација, со траење од 1 (една) година, или два семестари, односно 60 кредити, може да се запишат кандидатите кои имаат завршен прв циклус на соодветните студии за времетраење од 3 (три) години, односно180 кредити.
- На вториот циклус универзитетски академски студии со времетраење од 2 (две) години или четири (4) семестари, односно 120 кредити, може да се запишат кандидатите кои ги завршиле студиите од првиот циклус на соодветните студии во времетраење од 3 (три) години, односно180 кредити.
- На вториот циклус универзитетски академски студии со времетраење од 1 (една) година, или два семестари, односно 60 кредити, може да се запишат кандидатите кои го завршиле првиот циклус на одделните студии во времетраење од 4 (четири) години, односно 240 кредити.
- На вториот циклус универзитетски кадемски студии може да се запишат кандидатите кои завршиле некоја друга слична студиска програма, после полагањето на диференцијалните испити на студиската програма на која сака да се запише, со успехот кој е одреден со став 2**.**
- Универзитетот и неговите академски единици одредуваат кои студии се соодветни за запишување на посебни студиски програми од II (втор) циклус, како и условите за запишување на кандидатите кои завршиле други студиски програми, различни од програмата во која аплицира.
- Запишувањето во различна студиска програма од програмата во која дипломирал студентот може да се врши под услов кандидатот да ги следел и положил испитите од задолжителните предмети пред комисија од 3 члена. Претседателот на комисијата е потребно да е од поблиската стручна област. Следењето на предавањата од страна на овие кандидати се врши во текот на академската година, додека испитите треба да ги полагаат во јунската сесија.

- Компатибилноста на првиот циклусуниверзитетски студии за упис на втор циклус универзитетски студии, како и дополнителните услови за упис на студии од втор циклус, се одредуваат со акт на академската единица, која организира студии со предлог на студиската програма.

**б) Странски државјани**

Странските државјани и лицата без државјанство од Република Македонија имаат право за упис на студиите од II (втор) циклус на ист начин, како и државјаните на Република Македонија.

**в) Постапка за селекција**

- Право за запишување во прва година на студии од II (втор) циклус кандидатот ги стекнува во согласност со критериумите и условите определени на овој Конкурс, според добиените поени во постапката на селекција.
- Под исти услови, предност за запишување имаат кандидатите со повисока пресечна оценка, над **7** од постигнатиот успех во текот на студиите како и времетраењето на работното искуство за пријавените кандидати за вонредно студирање.
- Изборот на кандидатите **со предлог на Комисијата за Конкурс на единицата, го одредува Колегиумот на вториот циклус студии.**
- Конкурсната комисија на единицата, на огласните табли на факултетите го објавува рангирањето од постигнатите резултати од првиот циклус универзитетски студии, како и резултатите од проверката на знаења од студиските програми во кои таа се спроведува.
- По објавување на прелиминарната ранг-листа на кандидатите за упис од страна на Конкурсната комисија на единицата, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа. Приговорот кандидатот го приложува до Конкурсната комисија на единицата, која ја објавува прелиминарната листа. Во спротивно, го губи правото за приговор за понатамошна постапка на жалба на објавените резултати.
- Комисијата има право да донесе Одлука во рок од 24 часа, од моментот на истекување на предвидениот рок за доставување жалби.
- Во случај кандидатот да не е задоволен со донесената одлука од страна на Конкурсната комисија на единицата на Универзитетот во рок од 24 часа од денот на објавувањето на Одлуката, од страна на Комисијата, кандидатот има право да поднесе жалба до Централната комисија. Одлуката на Централната комисија е конечна.
- По истекот на рокот за поднесување приговори и нивното разгледување, Централна универзитетска комисија во одредениот факултет објавува Решение за прием на студентите (Конечна ранг-листа), врз основа на која се врши упис на студентите. Примените кандидати, како и тие кои не се примени, по објавувањето на Решението од Централната комисија за прием, немаат право на приговор или жалба.
- Кандидатите кои на предвидениот временски рок за упис нема да извршат упис, односно нема да ја достават потребната документација за упис, или воопшто нема се пријават на студентските служби на факултетот на кој се примени, ќе се смета дека се откажуваат од уписот.
- Факултетот на кој и по завршување на првиот рок за упис остануваат непополнети места, вршат упис на студенти во втор и трет уписен рок.
- Доколку во конкурсот се пријават помалку од 10 кандидати, Колегиумот за втор циклус студии ќе донесе одлука дали ќе се организира настава на постдипломски студии на одредениот факултет.

**г) Редовни и вонредни студии**

- Студентот на студиите од II (втор) циклус може да се запише како редовен или вонреден студент.
- Програмата на редовните студиите се однесува на студенти кои не се вработени и имаат можност редовно да ја следат наставата.
- Академските единици може да организираат вонредни студии, доколку тоа го овозможува студиската програма и предметната програма. Вонредни студенти се тие студенти кои студиската програма ја следат делумно (освен работата или другите активности кои имаат потреба за специфична програма).
- Правилата за студирање, како и обврските на вонредните студенти се исти со тие за редовни студенти (упис и регистрација на семестар, следење на предавањата, вежбите, лабораториска работа, подготовка на семинарски трудови, практичната работа и друго).
- Единиците на Универзитетот ја одредуваат (со решение) формата за организирање на наставата и наставните активности, обемот и оптовареноста во наставата за вонредните студенти и студентите кои се вклучени во програмата за настава од дистанца.

- Програмата за вонредни студии е посветена на лица кои се во работен однос, и кои поради работните задачи и обврски, или лица кои поради разни причини не се во можност да ја следат наставата редовно. Поради карактерот на студиите времетраењето на програмата за вонредни студии е подолга од таа за редовни студии, а но не е подолга од две академски години.
- Времетраењето на програмата за вонредни студии ја одредува носителот на студиската програма на одреден факултет, во зависност од можностите на вонредните студенти за следење на наставата.

**III.** Трошоците за редовни и вонредни студии на II (втор) циклус на студии ги сноси самиот студент со самофинансирање на студиите, според одредената сума од I точка на овој Конкурс, како такса за школување. Таксата за школување се плаќа **во две рати**. За магистерскиот труд, студентите плаќаат **500 евра** и други дополнителни финансиски средства. Средствата за магистерски труд, односно специјализација, ги плаќаат пред одбраната на магистерскиот труд, односно специјализацијата.

**IV. Рокови за пријавување, проверка на знаењата и умеењата за упис**

| РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА УПИС НА СТУДЕНТИ 2010/11 ГОД. | II уписен рок |
|---|---|
| **Пријавување на кандидатите** | **28 септември до 8 октомври** |
| **Објавување на прелиминарната листа** | **12 октомври** |
| **Објавување на одлука за прием на кандидатите** | **14 октомври** |
| **Упис на кандидати** | **14 до 18 октомври** |

**V. Потребни документи за пријавување**

Пријавувањето се врши на Државниот универзитет во Тетово, ул. Илинденска б.б. 12000 Тетово.

Кандидатот е должен да достави пријава за учество на Конкурс за студии од II (втор) циклус во определениот рок според точка V на овој Конкурс.

Во пријавата кандидатот е потребно да ја одреди студиската програма на која конкурира, како и статусот на студии: редовен или вонреден студент. (доколку со конкурс е определена можноста за вонредно студирање).

Покрај формуларот за апликација кандидатот треба да ги достави и следните документи:

- Пријава за упис;
- Диплома за завршено високо образование и Уверение за положените испити со оценки;
- Кратка биографија (CV);
- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик, даден од страна на соодветна образовна институција;
- Препорака од страна на професори или научни работници ( доколку ги има);
- Потврда за работно искуство и видот на работните задачи кои ги извршил во текот на работата, како и барање од работната организација- институција, за упис на постдипломските студии;
- Список на научни или стручни објавени трудови, или копија од истите (доколку ги има кандидатот);
- Докази за добиените награди, пофалби, признанија и слично, како и други документи (доколку истите се предвидени со акти на наведената институција);
- Потврда за уплата на:
  a. **1000 денари во сметката на Универзитетот**:**160016005478810**, депонент Народна Банка на РМ, сметка: **100000000063095**, повикување на број: **723019**, програма **43**, на име административни такси.

При **уписот** кандидатите треба да доставуваат:

1. Пријава за упис (пријавите се земаат во службата за студентски прашања на факултетот на која се запишува)
2. Три фотографии ( од кои две на формат 6 x 9 и една на формат 4 x 5 с.м)
3. Потврда за уплата на финансиски средства:

- **1200** денари, во сметка на Универзитетот: **160016005478810**, депонент Народна Банка на РМ, сметка: **100000000063095**, повикување на број **723019**, програма **43**, на име **давање на индекс**.
- **Уплата на финанскиски средства за првиот семестар, на жиро-сметката на Универзитетот: 160016005478810**, депонент Народна Банка на РМ, сметка **100000000063095**, повикување на број **723019**, програма **43**.

4. За студентите по методика на настава по религиско образование потврда за уплата на финансиски средства:

- **7160** денари, во сметка на Универзитетот: **160016005478810**, депонент Народна Банка на РМ, сметка: **100000000063095**, повикување на број **723019**, програма **43**, на име **давање на индекс**.

***

Конкурсот ќе се објави и на веб-страницата: **http://www.unite.edu.mk**

**Државен универзитет во Тетово**